ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје • Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

**До Агенција за храна и ветеринарство,** **01.04.2014**

**Сектор за здравствена заштита на животните**

Почитувани,

Ние, здружението за заштита на животни „АНИМА МУНДИ“ ***www.anima-mundi.org.mk***,;членка на ***Европската коалиција за прекин на експерименти врз животни******www.eceae.org*** ***;*** членка на ***Европската вегетаријанска унија******www.euroveg.eu***, како и членка на една од најсилните меѓународни организации за заштита на животните ***ОИПА интернешенал –придружник на одделот за јавно информирање во Обединетите Нации******www.oipa.org******,***

Ја поднесуваме следната:

## Претставка

против лицата Трпе Трпев и Ане Анев, кои на ден 01.01.2020 година, на своите фејсбук профили објавија слика на кои јасно се гледа сурово и нехумано постапување кон животно, во случајот мачка која е усмртена со бесење. Неколку часа по објавувањето, лицатаја повлекле сликата од социјалната мрежа. На фејсбук профилот на лицето кое ја објави сликата може да се најдат информации за истото www.facebook.com/...........

Стореното дело е исклучително нехумано и спротивно на повеќе закони за што бараме да сторителот биде најстрого казнет.

Од Вас бараме да постапите согласно Законот за заштита и благосостојба на животните кој пропишува дека секој треба да делува на хуман и грижлив начин кон животните, а забранува предизвикување болка, патење или повреди, сурово и нехумано постапување и убивање на животните. Воедно сметаме дека е потребно да оваа Претставка ја проследите и до Министерството за внатрешни работи зошто преку ова дело се прекршил и Кривичниот законик на Р. Македонија .

Ве замолуваме за информација на нашата меил адреса anima.mundi.sk.mk@gmail.com , или на поштенската адреса наведена во меморандумот, на кој начин ќе постапите во однос на оваа Претставка.

Во прилог Ви ја доставуваме сликита, која може да послужи како доказ за лицето да биде соодветно казнето.

Со почит,

Здружение за заштита на животни “Анима Мунди”

www.anima-mundi.org.mk ;

Anima.mundi.sk.mk@gmail.com